Co-funded by
the European Union

# Модул 1
# СПОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДОТ

CITIES FOR THE FUTURE

Co-funded by
the European Union

# 01 СПОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДОТ

1.1 Простор за споделување

1.2 Простор за споделување за ученици со физичка попреченост

1.3 Повеќејазичен простор за споделување

1.4 Мапа за споделување во заедницата

1.5 Мапа за споделување во заедница за ученици со физичка попреченост

1.6 Училиштен базар на половна стока

1.7 Училиштен базар на половна стока за ученици со физичка попреченост

1.8 Училиштен базар на половна стока за ученици со дискалкулија

1.9 Базар на таленти

1.10 Базар на таленти за ученици со различни потреби

1.11 Комплет за заедничка забава

1.12 Комплет за заедничка забава во заедницата

1.13 Улиците се за луѓе

1.14 Улиците се за луѓе – за ученици од помала возраст

1.15 Улиците се за луѓе – групи на ученици со физичка попреченост

1.16 Улиците се за луѓе – тинејџерско издание

1.17 Големиот автобус

1.18 Големиот инклузивен автобус

1.19 Технологијата на големиот автобус

1.20 Постојката на големиот автобус

1.21 Пешачки училиштен автобус

1.22 Инклузивен пешачки училиштен автобус

## TUDEC Website

http://www.citiesforthefuture.eu/

CC BY SA

Project n° 2022-1-IT02-KA220-SCH-000087127

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија. Меѓутоа, искажаните мислења и ставови припаѓаат исклучително на авторот/авторите и тие не ги отсликуваат оние на Европската Унија или на Извршната агенција за европско образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA немаат одговорност за тоа.

Co-funded by
the European Union

# 1.1 Простор за споделување



**1. Вид активност:** Проектна активност за креирање простор во училница / во училишна зграда

**2. Тема:** Споделување во училишната заедница

**3. Образовни цели:** Учениците:

- Ги осознаваат придобивките од споделувањето;
- Умеат да го пренесат концептот на споделување во сопствената училишна средина;
- Умеат да го пренесат концептот на споделување и придобивките од него во училишната заедница;
- Умеат да ја мобилизираат училишната заедница и да ја добијат нивната поддршка;
- Се оспособени да создадат простор од повторно употребен материјал;
- Развиваат вештини за организирање и одржување простор за споделување;
- Ги развиваат своите способности за тимска работа, соработка и комуникациските вештини.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребен материјал:**

- Празна просторија (за складирање) или отворен простор во училишната зграда (околу 2 $m^2$).
- Половни полици или: многу картон, картонски кутии, користени пластични кутии, кутии за овошје итн.
- Амбалажа: мали кутии, кутии за чевли, тегли со или без капак, канти, контејнери итн.
- Материјал за споделување: наставникот може однапред да собере основна количина од резервни училишни и занаетчиски материјали, додека дополнителниот материјал за споделување ќе биде собран во процесот на проектот
- Дополнителен картон, маркери или боички
- Компјутер (по можност)

**6. Времетраење:** Еднонеделен проект (може и да трае и подолго)

**7. Главни активности:**

*Целта на активноста е да се создаде простор во училиштето, каде што секој ќе може да споделува резервни материјали, училиштен прибор, занаетчиски материјал, играчки, игри, книги итн., а со тоа да го направи концептот на споделување во заедница опиплив за учениците и за целата училишна заедница.*

Co-funded by
the European Union

**АКТИВИРАЊЕ**

Подгответе слајд или бела табла со два средни круга означени како ШТО и КОЈ.

За да го поттикнете она што учениците веќе го знаат за споделувањето, прашајте ги што споделиле/било споделено со нив претходно и со/од кого (на пр., пријатели, семејство, сестра, сосед итн.) и пишувајте белешки во круговите. За помалите ученици, можете исто така да направите цртежи од споделените работи.




Потоа, покажете им го видеото (линк за РП3) на учениците. Сега нацртајте поголеми кругови околу малите кругови.

По гледањето на видеото, прашајте ги учениците кои се придобивките од споделувањето. Потоа, прашајте ги, според она што го гледаат на видеото, дали можат да замислат да споделуваат повеќе работи со повеќе луѓе. Запишувајте ги одговорите на учениците во поголемите кругови.




Запознајте ги учениците со идејата за креирање простор во училиштето за споделување работи и објаснете им дека тоа ќе биде проект на часот. Поразговарајте со учениците за тоа кои задачи треба да се исполнат за да се направи тоа. Користете ја горната бура на идеи за да ги дефинирате задачите:

1. Како сакаме да се вика нашиот простор за споделување?
2. Што сакаме да споделуваме во просторот?
3. Кој сакаме да го користи просторот за споделување и како ќе им кажеме на кој начин просторот функционира?
4. Како можеме да го уредиме просторот за споделување?

Горенаведените задачи се неопходни, но учениците може да смислат и други задачи кои се важни за нив. Земете ги и групирајте ги задачите. Пред учениците да започнат да работат на задачите, разговарајте и определете датум за отворање на просторот за споделување. Друга важна забелешка за која треба да разговарате со сите ученици е употребата на материјалот. Запознајте ги со идејата дека целта не е купување нови работи (полици, кутии,

материјали итн.) кои се потребни во просторот за споделување, туку дека сакаме повторно да користиме материјал што е веќе во кругот (погледнете го курикулумот за Модул 2).




## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Ако имате ученици на помала возраст и малку повеќе време, тогаш направете ги сите задачи со целата група, а со повозрасните ученици задачите може да ги распределите по групи. Распределбата на задачите зависи од вас, на пр., формирајте групи според интересот на учениците (креативни, менаџмент, комуникација итн.) или формирајте хетерогени групи, при што посилните ученици ќе им помагаат на послабите ученици. Задачите подолу се поврзани со претходната бура на идеи на учениците, но тоа може да изгледа малку поинаку со вашата група ученици. Како и да е, потребно е да се изработат сите долунаведени задачи.

Група 1 – ИМЕ + ДИЗАЈН

Оваа група е одговорна за смислување име за просторот за споделување и за дизајнирање голема ознака за него. Покрај тоа, тие би можеле да дизајнираат патокази што ќе ги водат корисниците до просторот за споделување од разни делови на училишната зграда и/или да служат како потсетници во училниците. Потсетете ги учениците да работат со користен материјал. На овој линк ќе најдете идеи за тоа како да направите тридимензионални букви од картон: https://thecreativephysician.wordpress.com/2013/10/21/diy-large-cardboard-letters-part-1/ или оставете ги учениците да се инспирираат од предметите што ќе бидат достапни во просторот за споделување.

Група 2 – МАТЕРИЈАЛ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ

Кажете ѝ на групата дека наоколу во просторот може да собере каков сака материјал, притоа поставувајќи им прашања, како на пример: Каков се материјал (реупотреблив) сите семејства обично имаат дома и што би можел да се искористи (амбалажа од јајца, картонски кутии, итн.)? Дали дома имаме големи количества училиштен прибор, а некој можеби нема доволно? Имаме ли дома многу книги/играчки што не ни се секогаш потребни и би можеле да ги споделиме со другите? Членовите на оваа група прават список (како текст или цртеж) на нештата кои би сакале да се собираат во училишната заедница за споделување. Тие, исто така, треба да размислат како да го споделат тој список на нештата кои треба да се собираат со учениците од другите одделенија. Еден од начините е да одат од одделение во одделение и да ја објаснат идејата или да направат постер и да го закачат во училиштето или, пак, да ја споделат идејата во чат-групите на родителите. Исто така, оваа група треба да размисли за просторот каде што ќе се собираат предметите за споделување.

Група 3 – КОМУНИКАЦИЈА + ОТВОРАЊЕ

Оваа група е задолжена за подготовка и отворање на просторот за споделување. Размислете кој сè треба да биде известен за тоа и на кој начин. Исто така, размислете и за правилата

што корисниците треба да ги почитуваат (на пример, дека работите во просторот треба да се секогаш средени, да не се земаат сите пенкала или книги одеднаш итн.) и како тие правила ќе им се кажат на сите корисници. Потоа, треба да се има на ум како ќе се одржува овој простор. Отворањето на просторот може да се одбележи со некаква програма, некој може да одржи кус говор и сл.

**ОТВОРАЊЕ**

Отворањето треба да биде официјалниот почеток на проектот и затоа треба да вклучува што е можно повеќе присутни:

- учениците од училиштето како корисници;
- родителите како потенцијални „снабдувачи“ на материјалот за споделување;
- вработените во училиштето како гласноговорници на проектот и, секако, како снабдувачи со користење на други ресурси.

Дискутирајте како би сакале да се организира отворањето, кој ќе одржи кус говор, дали на присутните ќе им се овозможи да го разгледаат просторот и притоа ќе им се објаснат правилата за користење итн.

**СОВЕТ**

- Ако групите работат независно една од друга, важно е да ја организирате нивната заемна комуникација, на пример, преку редовни меѓугрупни состаноци на учениците. На овој начин ќе нагласите дека ова е заеднички проект на сите учесници од групите и дека групите заемно си даваат поддршка (на пр., тим за дизајн и тим за комуникација, тим за собирање на материјалот и тим за комуникација, тим за конструкција и тим за организација...)
- Внимавајте на временската рамка и задавајте реални цели: Ако проектот се подготвува за една недела, тогаш ќе биде можно да се организира активноста само за семејствата од едно одделение. Ако во проектот се вклучи целото училиште, тогаш е потребно многу повеќе време за собирање на материјалот, распоредување и сортирање и сл.
- Вклучете ги и вашите колеги со тоа што проектот ќе го реализираат ученици, но сепак тој треба да биде прифатен и подржан и од другите наставници.
- Доколку е можно известете ги родителите за проектот пред да започнете со реализација за да ја промовирате идејата за споделување на неупотребени ресурси меѓу нив.
- Во текот на реализацијата на проектот, редовно дискутирајте со учениците во врска со текот на активностите и како тие се одвиваат (погледнете ги прашањата подолу).

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

По отворањето на просторот за споделување, разговарајте со учениците за резултатот. Сите ученици нека искажат што им се допаѓа во просторот и нека ја пофалат работата на другите групи. Разговарајте со учениците преку поставување на следниве прашања:

- Што најмногу ви се допаѓа во просторот?
- Што најмногу ви се допадна на отворањето?
- Кој е вашиот омилен материјал за споделување во просторот?
- Што недостасува во просторот за споделување? Што би можело да се подобри?
- Што функционираше добро во вашата група?
- Што можеше подобро да функционира во вашата група?
- Што ви се допаѓа кога споделувате нешта со другите?
- Што е предизвик во споделувањето на нешта со другите?

Co-funded by
the European Union

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Како едукатор, потребно е да се навратите на горенаведените цели и да утврдите колку добро учениците ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за дискусија, но и согласно вашите согледувања при реализацијата на проектот ќе утврдите дали учениците добро го разбираат концептот за споделување и колку добро заемно соработувале за да го реализираат овој проект.

**10. Инспирација:**

Училиштето Littleton Public School (САД) има формирано т.н. „библиотека на нешта“ каде што учениците изнајмуваат прибор за природни науки, играчки и електронска опрема и на тој начин овие материјали им се достапни на сите ученици без оглед на нивниот социјален статус: https://sites.google.com/lps.k12.co.us/lps-lot/home

Овој проект бил инициран од училишната администрација и наставниците, а не од учениците, но претставува голема инспирација за тоа колку широка рамка може да има споделувањето, при што сите ученици од училиштето имаат пристап до сите ресурси.

**13. Појаснувања за децата со попреченост:** Погледнете ја посебната активност.

## 1.2 Простор за споделување за ученици со физичка попреченост

Ако во паралелката има деца со попреченост, нека бидат дел од тимот за комуникација или тимот за конструкција. Тие многу ќе помогнат за тоа како просторот да се направи што поинклузивен. Ова се однесува не само во конструирањето на просторот за споделување, туку и во комуникацијата. Дали на кутиите каде што ќе се чува материјалот е потребно да се стават некакви дополнителни ознаки? Дали е потребно да има и аудиоинструкции и правила за учениците со оштетен вид? За овие две групи што ги наведовме овие аспекти треба да бидат дополнителен фокус.

## 1.3 Повеќејазичен простор за споделување

Во училиште со голем број ученици, кои скоро пристигнале од други земји, ваквиот простор би можел да биде особено значаен и затоа воспитувачот треба дополнително да се фокусира на тоа дали просторот е достапен и за тие ученици (и нивните семејства). Од аспект на побарувачката, може да прашате кои нешта им се конкретно потребни и да се проверите дали тие се вклучени во просторот за споделување. Но, исто така, од аспект на корисникот, размислете дали и колку добро просторот можат да го користат учениците чиј мајчин јазик е поразличен или не можат (сè уште) добро да читаат и да го разберат јазикот на кој се одвива наставата. Може ли кутиите за складирање да бидат означени со слики? Дали може правилата да се прикажат графички и/или на повеќе јазици? Дали имигрираните семејства ќе добијат повеќејазичен информативен текст за целта и функционирањето на просторот за споделување? Ова е исто така одлична можност за учениците што говорат повеќе јазици да помогнат и да се почувствуваат горди на своите лингвистички способности.

# 1.4 Мапа за споделување во заедницата

**1. Вид активност:** Активност за мапирање и интеракција со заедницата

**2. Тема:** Споделување во заедницата – повторна употреба

**3. Образовни цели:** Учениците се способни:

- Да ја зголемат свеста за важноста на споделувањето и за повторната употреба на материјали со цел заштита на животната средина и заштеда на ресурси;
- Да ја гледаат заедницата како ресурс;
- Да практикуваат ангажман во заедницата;
- Да искусат дека инспирацијата може да произлезе од работата со постоечките ресурси.

**4. Таргет група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:** Печатена карта на заедницата, изложбен простор во училишната зграда

**6. Времетраење:** Проект од 3 наставни часа – 90 мин.

**7. Главни активности:**

*Ако некогаш сте виделе дете како си игра со празна картонска кутија, ќе сфатите дека тие се експерти за повторна употреба и пренамена. Кутија може да биде куќа за кадифено мече, ракета, клисура или авион без каква било или со мала модификација. Ако го земете предвид ова, многу материјали за еднократна употреба стануваат вреден ресурс за активности за играње и за изработување. Во исто време, разните компании во вашата заедница постојано исфрлаат материјал, како што е амбалажа која е произведена само за една употреба, но може да се користи многу подолго и да инспирира игра и креативност. Оваа активност ги поттикнува младите да ја гледаат својата заедница како ресурс и да ја согледаат вредноста на повторната употреба.*



*Извор: преземено од Freepik*

Оваа активност може одлично да се надоврзе на **Активноста 1.1**: Простор за споделување, при која учениците создаваат простор за споделување во училиштето. Таа ќе го прошири размислувањето за споделување не само во рамките на училиштето туку и во соседството. Целта на активноста е да се направи мапа на потенцијалните ресурси во соседството. Во идеален случај, ова би требало да биде достапно за целата училишна заедница, така што информациите ќе се споделуваат и сите ќе можат да ги користат. Исто така, може да има и просторно преклопување со активноста *Споделување простор* преку поставување на

мапата веднаш до просторот за споделување или преку вклучување материјали во складот на просторот за споделување.

**Час 1:**

На првиот час треба да се подигне свеста на учениците за важноста на споделувањето и повторната употреба. Ова може да се направи преку делот назначен како активација од активноста 1 или преку овие видеа (линк до WP3). Учениците треба да бидат свесни за вредноста на повеќекратната употреба. Треба дефинитивно да се избегнува некој предмет (дури и амбалажата) да заврши во системот за отпад по еднократна употреба. Исто така, работите кои некои ги сметаат за отпад, претставуваат богатство од друга гледна точка. Картонските кутии можат да станат градови (види Активност 1.11 Улиците се за луѓе), картонските ролни се претвораат во фантастични тунели за тркалање на џамлии (пример: https://www.youtube.com/watch?v=r53pF0EdzPI) и ребрестиот картон (кој најчесто се користи за пополнување при пакување) може да се претвори буквално во сè бидејќи лесно се превиткува (техники за обликување и превиткување на картон: https://www.youtube.com/watch?v=pg0WAQ46Jxk).

Значи, да стапиме во контакт со изворите!

Деловните субјекти во вашата заедница сигурно ќе имаат таков вид ресурси и можеби ќе бидат благодарни ако им се најде нова намена наместо да ги фрлаат. Она што е потребно да се направи е мало истражување со цел поврзување на понудата со побарувачката. За овој чекор ви е потребна мапа на поширокото соседство, најдобро би било таа да е испечатена или за повозрасните ученици може да биде во дигитална форма. Прво, размислете со вашите ученици каде се лоцирани деловните субјекти (продавници, супермаркети, канцеларии, библиотеки итн.), кои би можеле да имаат материјал од тој вид. Проверете со учениците (на пр. на Гугл мапс) дали има и други такви извори за кои можеби не сте свесни дека постојат. Развијте стратегија за комуникација заедно со вашите ученици. Како ќе им пристапите на вашите потенцијални извори? Што треба тие да знаат, а што треба да знаат учениците за да ги искористат тие ресурси? Размислете како да стапите во контакт. Една група ученици може да испрати е-пошта до компании кои немаат продажен простор/канцеларии. Друга група може да се јавуваа на телефон. Во зависност од состојбата, една група може и лично да ги посети изворите.

**Час 2:**

За време на вториот час, учениците треба да ги соберат сите информации што се потребни за финализирање на картата. Некои работи што треба да се земат предвид се:

- Вие како едукатор треба да го следите процесот и да проверите дали изворите се соодветни. Одлучете кои извори се сигурни и кои ресурси претставуваат добар материјал за повторна употреба (кои не се загадени, немаат остри рабови итн.)
- Побарајте материјал што постојано се акумулира. На тој начин мапата е корисна на одржлив начин.
- Побарајте фотографии од материјалот или дури и примерок од него.
- Прашајте ги изворите како сакаат да бидат контактирани (по електронски пат, на телефон, лично).

Во зависност од стратегиите утврдени на вториот час, дозволете им учениците сами да ги соберат сите потребни информации.

**Час 3:**

Третиот час е за споделување на информациите со училишната заедница на соодветен начин. Како сакате да ја прикажете мапата во училишната зграда? Како можете да ги означите изворите на картата? Дали сакате да има и дигитална мапа што ќе ги претставува информациите? Што треба да знаат другите ученици за начинот на користење на ресурсите.

Прикажете примероци од достапните ресурси. Информирајте ја училишната заедница за вредноста на повторната употреба и споделувањето.
Можете дури да дадете и совети за што може да се користи некој одреден ресурс.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Откако ќе ја имплементирате мапата на ресурсите, размислете со учениците за резултатот. Сите ученици треба да бидат во можност да кажат што им се допаѓа на мапата. Исто така, поттикнете ги учениците да размислуваат за следниве прашања:

- Колку добро работевте заедно?
- Што беше предизвик при составувањето на мапата?
- Што може да се подобри кај мапата?
- Кој материјал што сте го набавиле би сакале да го користите и во блиска иднина?
- Која е корист од повторната употреба на тие материјали?
- Колку беше лесно/тешко да се комуницира со изворите?
- Какви реакции добивте во интеракцијата со изворите?

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Како едукатор треба да размислите за горенаведените цели и колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата, но и врз основа на вашите набљудувања на проектот, увидете колку добро учениците го разбираат концептот на споделување и повторна употреба и колку добро работеа заедно за да го реализираат проектот.

**10. Инспирација:**

Картонот е одличен материјал и за постарите ученици. Одличен пример за тоа како да се работи со картон со повозрасни ученици можете да најдете тука: https://kunstunterricht-ideen.de/ideen/wellpappe-portraets/(описот е на германски, но фотографиите детално го прикажуваат процесот).

Видете ја исто така активноста **2.7 Игралиште од материјалот за повторна употреба**, каде што пренаменетиот материјал ќе се претвори во игралиште.

## 1.5 Мапа за споделување во заедница за ученици со физичка попреченост

Во оваа активност треба да спроведете две инклузивни стратегии. Прво, треба да размислите за имплементацијата на задачите и како да ги распределите. Со оглед на тоа што низ активноста има многу разновидни задачи, голем дел од учениците можеби се поумешни во извршување едни задачи отколку во други. Кој има одлични идеи за комуникациската стратегија? Кој сака да ги контактира компаниите преку телефон? Кој има креативни идеи за поставување на мапата во училишната зграда? Кој знае како да креира дигитална мапа? Распределете ги задачите на начин така што секој, без оглед на своите (не)способности, ќе биде во можност да даде вреден придонес.

Другата стратегија е да се гледа на исходите од активноста на инклузивен начин. Размислете со учениците за тоа како да ја поставите мапата за да биде достапна за сите во училишната заедница. Ова може да се однесува на височината на поставувањето на мапата, но и дали означувањето на изворите на ресурсите може да се направи од инвалидска количка. Можете, исто така, да го фотографирате излогот на продавницата, местото каде што е поставено ѕвончето на нивата врата или дури и лицето што го предава материјалот (со нивна дозвола). За некои ученици ова може да биде од клучно значење за да можат оттаму да земат материјал што би сакале да го користат.

## 1.6 Училиштен базар на половна стока

**1. Вид активност:** Подготовка како проект во една паралелка, проект на ниво на одделенија или низ одделенија; спроведување како активност во и за целата училишна заедница

**2. Тема:** Споделување работи и вештини во училиштето

**3. Образовни цели:**

Учениците се оспособуваат да:

- Ги ценат употребените предмети како вредни;
- Го преиспитуваат сопствениот имот и однесувањето на потрошувачите;
- Имаат самоефикасност во организацијата и спроведувањето на пазарот;
- Учествуваат во училишната заедница;
- Преземаат организациски и/или креативни подготвителни работи за базарот;
- Ги развијат своите комуникациски вештини;
- Ги користат и да ги подобрат своите ментални аритметички вештини.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години, цела училишна заедница

**5. Потребни материјали:** Зависи од реализацијата на базарот и е јасно наведено во фазата на подготовка

**6. Времетраење: Подготвителна фаза**

(во зависност од бројот и организацијата на вклучените ученици)

- 45 минути: Нашиот базар – Договарање за идејата и нејзина реализација [6 недели однапред]
- 2 x 45 минути: Промоција на базарот [6-4 недели однапред]
- 45 минути: Уредување на базарот за половна стока

Co-funded by the European Union

**Имплементација**
2 часа попладне (+ поставување и демонтирање)

**7. Главни активности:**

*Целта на оваа активност е да им даде на предметите уште еден животен циклус преку нивно предавање на други (со размена или купување). Од друга страна, работите што се создадени на училиште (на пр., во други активности на TUDEC) може да се пренесат на други. Истовремено се увежбуваат и основните вештини (комуникација, аритметика, креативен дизајн) преку организација и имплементација на базарот.*

**Прелиминарни размислувања**

Организирањето базар не е активност за еден наставен час, туку проект што се одвива во одреден временски период. Крајната цел е, се разбира, денот на одржување на базарот. Колку повеќе луѓе учествуваат на базарот толку понудата станува поразновидна и попривлечна – и како продавачи и како побарувачи. Сепак, ова подразбира многу поголем организациски ангажман пред настанот. Во тој контекст, однапред треба да се разгледаат следните прашања:

- **Кој ќе го организира базарот?** Одредено одделение, цела генерација или проектен тим од заинтересирани ученици од сите одделенија?
- **За кого ќе биде базарот?** Дали е организиран исклучиво од и за ученици? Дали е организиран од и за учениците и нивните семејства, како и наставниците и другиот персонал? Дали ќе биде отворен за соседството?

Во зависност од ова, има и други прашања што треба да се разгледаат, барем делумно, од одговорните едукатори:

- **Каде** треба да се одржи базарот? (Внатре или на отворено? Во различни училници, во заедничка просторија/трпезарија, во салата? Во училишниот двор, на соодветно место во соседството? – Со кого мора да се координира ова и какви овластувања треба да се бараат?)
- **Кога** треба да се одржи базарот? (Во кој период од учебната година е најдобро за учениците? Со какви настани може да се комбинира?)
- **За што можат самите ученици да преземат одговорност?** Што може да се подготви/организира/дизајнира од учениците? Кој ќе ги води? Како ќе се уреди тоа?

**Подготвителна фаза**

**Нашиот базар за половна стока – договор за идејата и нејзина реализација**

Првиот чекор е да се елаборира идејата за таков базар заедно со учениците. Претходно, треба да се разјаснат сите услови на организациска рамка врз кои учениците немаат влијание или кои сè уште не се во можност да ги проценат (види погоре).
Во овој дел се собираат сите ученици кои ќе сакаат да се вклучат во организацијата на базарот.
Најпрво може да се искористи отворена сесија за бура на идеи за да се соберат идеи на темата „базар на половна стока“.

- Кој некогаш бил на базар за половна стока?
- Што можете да купите таму?
- Кој продава?
- Зошто се продаваат овие работи?
- Зошто се купуваат?
- Што би можеле вие да продавате таму?

Врз основа на ова, се дискутираат релевантните прашања за организација на вашиот базар. Следниот прашалник – подготвен, на пример на табла – може да се користи за структурирање. Предлозите и идеите на учениците може да се запишат и да се соберат овде. Прашалникот треба да се приспособи во рамките на вашите услови. Ако, на пример, датумот или локацијата се веќе однапред определени од страна на наставниот тим, ова може однапред да се внесе како дефинирана ставка. Правило за работите што ќе се продаваат може да биде, на пример: Нема продавање играчки – оружје или други играчки поврзани

со војна, борење и сл.




Исто така, може да се донесат правила околу определување на цените. Откако ќе се согледаат сите идеи и предлози, се носи заедничка одлука и се дефинира организациската рамка на базарот.




Во следниот чекор, активностите за подготовка може да се поделат помеѓу два тима:

- **Маркетинг-тимот**, чија задача е да ги пренесе информациите за базарот до релевантните целни групи, на пример, со постери и/или летоци.
- **Организацискиот тим,** чија задача е да се грижи за уредувањето на базарот, кој ја вклучува потребната опрема, како и распоредот на штандовите/просторот и нивната распределба итн.

Исто така, може да се донесе одлука дека сите ученици прават сè заедно.

### Промоција на базарот за половна стока

Тимот за промоција ги дизајнира постерите и/или летоците за базарот користејќи ги датумите

наведени во првата сесија. Претходно, учениците размислуваат за тоа како и каде најдобро можат да стигнат до целната група на овој базар, какви информации ѝ се потребни на оваа публика и дали информациите треба да се презентираат на одреден начин за да допрат до целната група (особено визуелно, за помладите ученици и учениците со тешкотии во читањето, дали да се достапни и на други јазици итн.)

При дизајнирањето на постерите, учениците можат да работат индивидуално и да креираат различни дизајни на постери или, пак, да работат на заеднички дизајн кој потоа се репродуцира. Готовите постери/летоци треба да бидат изложени најмалку 3-4 недели пред настанот на местата што учениците претходно ги дефинирале.

Исто така, оваа група заедно со едукаторите треба да размисли каде може да се споделат информациите за базарот (веб-страница на училиштето? Социјални медиуми? Училиштен весник?)

**Уредување на базарот за половна стока**

Организацискиот тим се грижи за практичната примена:

- Што треба да има во просторијата/локацијата?
- Како треба да се организираат тезгите? Дали има скица за распоред?
- Дали ќе има и храна и пијалак? Кој ќе го организира ова, кој ќе управува со штандот за храна, каде ќе бидат тие штандови?
- Какови ознаки се потребни? Кој ќе ги дизајнира? (Дали тука е потребна помош од креативниот тим?)
- Дали треба да важат одредени правила за замената и, ако е така, како и каде тие ќе бидат објавени?
- Кој и за што ќе биде задолжен за време на настанот? Дали ќе бидат потребни други ученици, едукатори или родители? Кој ќе помогне при поставување и демонтирање?

Ако, на пример, родителите се задолжени да донесат колачи или грицки за штандот за храна, треба однапред да биде определено кога и каде може да ги предадат.

**Имплементација**

На денот на настанот треба да оставите доволно време за поставување и – доколку планирате – украсување на базарот. На „продавачите“ на штандовите, исто така, обично им треба одредено време за да ги наредат работите што ќе ги продаваат. Сето ова треба да се направи пред официјалното отворање на настанот.

**Препораки**

Базарот за половна стока е исто така добра можност да се продаваат изработки што се направени на училиште, како што се семиња, млади растенија или садници од училишната градина; џемови или колачи од училишната кујна, корисни или украсни/уметнички предмети креирани во разни проекти на апсајклинг (види TUDEC активности)

- Ако работите со повеќе тимови, ќе биде многу корисно да направите заеднички средби за консултации за да добиете информации од сите и да се координирате.
- Многу е важно е едукаторот да внимава на распоредот на активности и роковите.
- Обврска на едукаторите е да ги добијат потребните овластувања и да ги пренесуваат информациите, на пр., до родителите, вработените до училиштето, оние што даваат поддршка и сл.
- Покрај подготовките за базарот, на часовите по математика може да се решаваат задачи за пресметки и работа со пари.
- Организирањето традиционален годишен базар може да биде значајна училишна тра-

диција и да го зајакне чувството за заедништво – преку заедничка подготовка и преку уживање во самиот настан.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

По спроведувањето на базарот на половна стока, размислете за резултатот со учениците. На сите ученици треба да им се овозможи да се произнесат за она што им се допаднало на настанот и какви можности има за подобрување:

- Што најмногу ви се допадна на базарот?
- Кое беше вашето омилено искуство за време на базарот?
- Што ви беше особено тешко како продавач и како купувач на базарот?
- Што би можело да се подобри за следниот базар?
- Што функционираше добро во вашата подготвителна група?
- Што можеше подобро да функционира во вашата група?
- На што треба да обрнете посебно внимание кога подготвувате базар?
- Кои правила се особено важни за еден ваков базар?

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Рефлексијата на едукаторите учесници треба да оди во две насоки:

1. Извлекување заклучоци врз основа на нивните набљудувања за време на подготовката и реализацијата на базарот, како и за време на евалуацијата со учениците за тоа како може да се постигнат целите и какви понатамошни сознанија и искуства учениците стекнале.
2. Приспособување на концептот за оваа активност според стекнатите искуствата при реализацијата.

**10. Инспирација:**

https://www.perkins.org/resource/multi-class-flea-market/

https://www.friedrich-verlag.de/friedrich-plus/schule-paedagogik/klassenleitung/schulleben/mitwirken-mitgestalten-mit-und-voneinander-lernen-14179

# Активност 1.7 Училиштен базар на половна стока за ученици со физичка попреченост

Ако имате ученици со физичка попреченост, проверете дали тие се вклучени во тимот за организација. Тие ќе бидат експерти за тоа како да се организира базарот на поинклузивен начин во смисла, на пр., во однос на пристапноста кон базарот.

# Активност 1.8 Училиштен базар на половна стока за ученици со дискалкулија

Ако имате ученици со дискалкулија во вашето училиште, тие (како и помалите ученици во првите одделенија) можат заедно да прават табели со собирање/одземање. На пример, правило за базарот може да биде дека сите цени мора да се заокружат на 10 денари, на пр. 50, 60, 120 ден. итн.

Учениците разработуваат табели во кои брзо можат да видат колку кусур треба да дадат за одредена сума. Тоа, се разбира, може да се визуелизира и со монети или со друг метод што се користи на часовите.

Co-funded by
the European Union

# Активност 1.9 Базар на таленти

**1. Вид активност:** Создавање инфраструктура за споделување вештини и таленти во заедницата во училницата

**2. Тема: Споделување на градот – Споделување работи и вештини во училиште**

**3. Образовни цели:**

Учениците:
- Се способни да размислуваат за сопствените вештини и таленти;
- Се запознаваат со различните вештини и таленти во одделението;
- Даваат сопствен придонес за заедницата во одделението преку нивната способност
- осознаваат дека секој може да придонесе за поодржлива заедница преку размена на практики за поправки;
- Се оспособуваат да го пренесат концептот на споделување во сопствената училишна средина;
- Се оспособуваат да го пренесат концептот на споделување вештини и неговите придобивки во заедницата на училиштето/одделението.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14-години

**5. Потребни материјали:**
- Плутена табла или пренаменета дрвена штица, со димензија најмалку 1 m x 1 m
- 2 листа хартија за насловот или исечени букви од користен картон/списанија итн.
- мали картички со иглички или самолепливи ливчиња за белешки
- пенкала

**6. Времетраење:** околу 90 мин.

**7. Главни активности:**

*Главната идеја на споделување на градот е максимално искористување на постоечките ресурси преку нивно споделување. Ученичката заедница во едно одделение е идеална заедница за истражување на начините како овој концепт може да се примени и на нематеријални добра кои го прават општеството побогато, како што се знаење, вештини и таленти. Мотото гласи: „Земи што ти треба. Дај што знаеш“.*

**ВОВЕД**

Започнете со тоа што на одделението ќе му прикажете слики од цветна полјана и поле насадено со цвеќе. Прашајте ги вашите ученици какви разлики гледаат на двете слики и кои се квалитетите на цветната полјана во споредба со полето насадено со цвеќе. Запишете некои аспекти што ги наведуваат учениците, на пр.:
- Разновидност на бои
- Разновидност на форми
- Разновидност на мириси
- Може да нахрани многу различни животни
- Има разновидност на квалитети (одличен украс, од него се прави добар чај, може да лекува, може да обои материјали) наспрема само еден квалитет.

Co-funded by the European Union




*Извор: преземено од* [Annie Spratt] на [Unsplas] *Преземено од* [Siegfried Poepperl] на [Unsplash]

Објаснете им на учениците дека овој квалитет го нарекуваме БИОДИВЕРЗИТЕТ. Природата е колективитет од различни живи суштества и секој вид различно придонесува. Слично на тоа, училницата е како полјана, составена од живи суштества кои се разликуваат по нивниот изглед, но и по нивните внатрешни квалитети, нивните интереси, нивните таленти, нивните цели и нивните вештини. Како и во природата, животот станува побогат колку што искуството е поразновидно.

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

Како и секој цвет на полјаната така и секој ученик во училницата претставува збир на способности кои придонесуваат кон побогата училишна заедница. Поттикнете ги учениците да размислуваат за своите индивидуални таленти. Во зависност од контекстот на вашата училница, учениците можат да го прават тоа поединечно, во парови, во групи или со методот размисли – спари – сподели.

Прашањата се следните:

- Што можеш убаво да објасниш?
- Што можеш да поправиш?
- Што можеш да изведеш?
- Што можеш да направиш?
- Во што друго си добар?

Co-funded by
the European Union




Соберете се сите заедно околу плутената табла. Објаснете им на учениците дека оваа табла ќе ја покаже богатата разновидност на таленти во училницата и може да им помогне на учениците да ги споделат своите таленти и вештини со другите.
Поттикнете ги учениците да ги претстават одговорите на прашањата на шаблонот, а вие пишувајте белешки на малите картички со наведување на клучен збор за талентот на детето и неговото име. Ставете ги картичките на купчиња на плутената табла. Додека еден ученик ги претставува одговорите, поставувајте им прашања на другите, како на пример: Дали на некој му е потребна поддршка во таа област? Како тоа би можело тоа да ја збогати нашата одделенска заедница? Дали некој го има истиот талент и би можеле да се здружите?

## 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Започнете ја рефлексијата преку донесување заклучок дека споделувањето не само што може да се направи со предметите туку и со способностите, вештините и талентите. Всушност, исто како шарената полјана која се карактеризира со својата разновидност, така и одделенската заедница има многу што да сподели, зашто секој може да придонесе и да им даде поддршка на другите на различни начини.
За време на вашата завршна дискусија, побарајте од учениците да размислат за следниве прашања:

- Какво е чувството кога размислувате за сопствените таленти?
- За кој талент или способност на вашите соученици не знаевте?
- Што значи за вас споделувањето во училницата?

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

Како едукатор, треба да размислите за горенаведените цели и за тоа колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување, но и вашите набљудувања на проектот, размислете колку добро учениците го разбираат концептот на споделување вештини во одделенската заедница.

### 10. Инспирација:

На овој линк можете да најдете пример за споделување вештини во заедницата: https://www.shareable.net/somerville-skillshare-a-free-locally-crowdsourced-education-model/

### 11. Објаснување за деца со попреченост:

Во една инклузивна училница потребно е фокусот да се стави на аспектот „Што ми е потребно?“ Всушност, секому му треба поддршка за некои работи и може да побара помош од своите врсници. Важно е да се нагласи дека не постои еден дел на ученици кои „умеат“, и друг дел кои „не умеат“, туку дека секој од нас е способен во некои области, но има потреба од поддршка во други области.

# Активност 1.10 Базар на таленти за ученици со различни можности

Во инклузивна училница треба да се фокусира на „Што ми треба?“. Всушност, секој има потреба од поддршка за некои работи и може да користи помош од своите врсници. Важно е да се нагласи дека не постои ученик кој е „онеспособен“, а друг дел што е „оневозможен“, туку дека секој е способен во некои области и има потреба од поддршка во други.

# Активност 1.11 Комплет за заедничка забава

**1. Вид активност:** Проектна работа за создавање одржлив ресурс за училницата/училишната заедница

**2. Тема:** Споделување работи и вештини во училиште / Редуцирај и повторно употреби

**3. Образовни цели:**

Учениците:

- Се свесни за негативното влијание на предметите за еднократна употреба;
- Знаат за важноста од практикување микроодржливост;
- Развиваат способности за решавање проблеми при креирање решенија за заеднички проблеми;
- Се способни да го пренесат концептот на споделување и намалување на отпадот во нивната училишна средина;
- Умеат да им обезбедат на нивните семејства (и на училишната заедница) бесплатен начин за организирање забава.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14

**5. Потребни материјали:** Собирањето материјали е дел од проектот во училницата

**6. Времетраење:** 2-3 часа од 45 до 90 минути

**7. Главни активности:**

*Роденденот на децата често бара голем организациски ангажман од страна на родителите. Затоа никој не може да ги обвини дека се одлучуваат за прагматични наместо одржливи решенија кога станува збор за угостителството и декорацијата. Оваа активност ја подигнува свеста на младите за намалување на јаглеродниот отпечаток на (роденденска) забава, но и истовремено ги поттикнува да размислуваат за решенија од реалниот свет кои може да се користат од страна на одделенската заедница.*

**ВОВЕД**

Погледнете го видеото (линк до WP3) за вовед.

Покажете им ја на учениците долунаведената слика и прашајте: Што се случило овде? Точен одговор: „Имало забава!“

Следното прашање а каков вид ѓубре обично имаме по роденденските забави. Запишете ги клучните зборови на таблата (на пр., хартија за завиткување, украси, хартиени чаши итн.)

Потоа прашајте зошто правењето на толку многу ѓубре претставува проблем (линк од видео).

Co-funded by
the European Union

[Доколку временската рамка на активноста тоа го дозволува, може да побарате од учениците како домашна задача да ги прашаат своите родители зошто е особено тешко да се намали отпадот на забавите.]

Земете еден предмет, како на пример хартиена чаша, и размислете колку такви чаши се користат на роденденските забави на сите ученици во текот на една година. Тогаш ќе сфатите дека ако секој се одлучи да користи чаши за еднократна употреба проблемот ќе се мултиплицира ако се земат предвид сите досегашни роденденски забави на сите ученици од едно одделение.







*Извор: Преземено од*: Matheus Frade на Unsplash, AI-generated, Freepik

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

**Прв час**:
Воведете ја проектната идеја за составување роденденски комплет што ќе се сподели во одделението. Размислете заедно со одделенската заедница кои материјали се неопходни за организирање забава од аспект на:

- садови и прибор за јадење
- декорација
- костуми (на пр. роденденска круна)
- итн.

Во следниот чекор едукаторот формира групи кои се одговорни за различни области и на учениците им задава задачи во зависност од тоа во која група се. Ставете особен акцент на неопходноста да се направи обид за користење само на повторно употребливи материјали. Примери на задачи:

- Садови и прибор за јадење: Собирајте материјал за повеќекратна употреба во училишната заедница. Информирајте ја училишната заедница за акцијата на собирање и нејзината цел.
- Декорација: Размислете за декорација што може да се направи од рециклиран материјал и побарајте инспирација на интернет (Пинтерест, Јутјуб, Инстаграм итн.) за иновативни идеи.
- Може да има и уште една дополнителна група која е одговорна за кутијата каде што ќе се чуваат предметите. Оваа група треба да размисли за правилата за споделување, список за проверка на предметите и ознаката на кутијата.

**Втор час:**
На учениците им се потребни од една до две седмици помеѓу двете наставни единици за да имаат доволно време да соберат материјал и да истражуваат идеи. На вториот час учениците можат да ги соберат предметите, но и да изработат украси. Групите меѓусебно се помагаат, на пр., на групата за украсување можеби ќе ѝ треба помош за да заврши сè навреме.

### 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Кој е најдобриот начин да се испроба направениот комплет за забава? Да се направи забава! Завршете го проектот на весел начин преку организирање забава во училницата користејќи го направениот комплет. На крајот од забавата пресметајте колку отпаден материјал како група од X – број на ученици ќе заштеделе во текот на една година кога би го користеле овој комплет. Можете, исто така, да ги изнесете овие информации на постер или да ги објавите на социјалните мрежи.

Водете дискусија со следниве прашања:

- Како се чувствувате кога ги гледате тие бројки?
- Што најмногу ви се допаѓа кај комплетот за забава?
- Дали нешто недостига во комплетот што треба да се додаде за понатаму?

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

Како едукатор, треба да размислите за горенаведените цели и за тоа колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување, но и вашите набљудувања на проектот, размислете колку добро учениците го разбираат концептот на споделување вештини во одделенската заедница.

### 10. Инспирација:

Мрежата комплет за забави е платформа посветена на горенаведената идеја, каде што луѓето можат да ги споделат своите комплети за забава. Иако платформата е фокусирана

на САД, Обединетото Кралство и Австралија, во делот за блог постојат одлични идеи за тоа како да го направите вашиот комплет за забава колку што е можно поприменлив. А, зошто и да не го додадете вашиот комплет за забава на мапата за споделување, па дури и да го споделите со пошироката локална заедница: https://www.partykitnetwork.org/
Јутјуб е одличен извор за идеи за изработки од рециклиран материјал. На пр., погледнете го ова упатство за тоа како да направите украси за забави од стари списанија:

*https://www.youtube.com/watch?v=6nVCH4I4SFQ*

## Активност 1.12 Комплет за заедничка забава во заедницата

Горенаведената активност е погодна за различни возрасти, но таа можете лесно да ја направите малку попредизвикувачка за **повозрасните ученици** и, во исто време, да го зголемите ефектот на активноста. Како да направите комплет за заедничка забава кој ќе биде достапен не само за вашата училница или вашето училиште, туку и за пошироката заедница? Учениците би можеле да направат „како да видео“, или мало промотивно видео во кое ќе ги објаснат придобивките од споделувањето ресурси во заедницата. Како онлајн активност, тие би можеле да направат веб-страница со можност за правење на резервации.

## Активност 1.13 Улиците се за луѓето

**1. Вид активност:** Активност за правење изработка од повторно употребени материјали, изработка на макети

**2. Тема:** Одржливи градови и јавен простор / споделување простор во градот

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:
- Размислат за тоа како сегашниот урбан простор им служи на нивните потреби;
- Размислат за тоа што би сакале да има на улица;
- Изразат како сакаат градскиот простор да се трансформира на нивните потреби (преку изработка на макети).

**4. Целна група: Ученици од 6 до 14 години**

**5. Потребни материјали:** картони, пакување за храна како тетрапак амбалажи, кутии за чевли итн., чисти пластични делови од пакувања за стаклени елементи (на пр., кутија за пакување електроника), хартиена лента, силиконски пиштол, маркери, ножици, боја, четки за боја, парчиња од шарена хартија (како остатоци од хартија за завиткување), можете да вметнете и природни елементи како семиња, гранчиња, шишарки, лисја итн.

**6. Времетраење:** најмалку 120 мин. (или подолго)

**7. Главни активности:**

*Со оглед на тоа што  центрите на градовите се трансформираат во области кои стануваат сè помалку зависни од автомобили, инфраструктурата која во моментов им е посветена на автомобилите ќе биде достапна за други намени. Оваа активност има тенденција да ги поттикне учениците да размислуваат за улиците во градот како простор за отворени можности и да ги замислат урбаните средини како пријатни и поздрави места за живеење, кои им даваат можност на луѓето да уживаат во јавниот простор.*

## ВОВЕД

Целта на воведот е да ги поттикне учениците да размислуваат за тоа кои аспекти од градот и улиците им служат, а кои се непријатни за децата. На крајот од воведот треба да се добие визуелна збирка или збирка од клучни зборови за она што на учениците им се допаѓа во градот, како и за нештата што ги нема во доволен број. Ова можете да го постигнете на различни начини во зависност од групата на вашите ученици, на пр., може часот да го одржите на отворено, во околината на училиштето и да го разгледате просторот во градот. Учениците го евидентираат, преку фотографирање, она што им се допаѓа и она што не им се допаѓа. Тие фотографираат места, а потоа ставаат црвена картонска рамка на сликите на местата што не им се допаѓаат и зелена картонска рамка за сликите од она што им се допаѓа. Во исто време учениците размислуваат за идеи за она што би сакале да го има во градот.

## СЛЕДНИОТ ЧЕКОР

Почнувајќи од нивната претходна бура на идеи, од учениците се бара да изградат улица што ги исполнува сите нивни потреби и очекувања. Пред да започнете со градење, корисно е да се погледне бурата на идеи со целото одделение. Посочете некои придавки што се појавиле (можеби возбудливо, изненадувачки, може да се игра, зелено, достапно, шарено итн.) и посочете некои места што им се важни (можеби простор за игра, место за одмор, место за средба, набљудување на природата или комуницирајте со животни, за спортување итн.)
Поделете ги учениците во групи од 3-4 и оставете ја секоја група да работи на одреден дел од улицата. Пред сите да започнат, договорете се за неколку нешта:

- Согласете се да има грубо мерење. Најлесен начин да го направите тоа е да изберете фигура (како Лего или Плејмобил) за референција. На овој начин димензиите грубо ќе се усогласат.
- 
- Договорете се колку улиците да бидат широки. На тој начин на крај ќе можете да ги споите сите улици заедно во една долга мрежа на улици.
- 
- Споделете ги идеите за места помеѓу групите за да избегнете секоја група да се фокусира на истите аспекти. Посочете дека сите групи треба да обрнат внимание на првичната збирка на клучни зборови со кои го опишаа градот на почетокот, затоа тоа треба да се земе предвид во сè што ќе гради.

- Учениците нека градат на цврста подлога која може да се преместува за потоа да можат сите групи да ги спојат своите делови во една целина.

- Сега учениците заедно со својата група градат еден дел од улицата. Тие можат да користат кој било од обезбедените материјали.

## 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Пуштете ги учениците да работат релативно слободно, онака како што тие сакаат, но неопходно е едукаторот да го следи напредокот. Тој може да ги води учениците преку поставување прашања кои се однесуваат на резултатите од бурата на идеи, така што учениците ќе ги земат предвид перспективите на нивните врсници.

Во оваа активност учениците можат најдобро да проценат за детските идеи поврзани со уредувањето на градот, затоа одвојте време на крајот на часот за самооценување. Сепак, посочете дека не постои правилно или погрешно решение и дека живописниот јавен простор ќе биде уште побогат ако се земат предвид повеќе перспективи и повеќе разновидни идеи.

Ако направените макети го дозволуваат тоа, можете исто така да посочите на различни параметри на одржливите градови, како што е наведено во курикулумот: важноста на дрвјата за сенка и нивната улога како извори на храна за животните.

Co-funded by the European Union

Можете да ги користите макетите на учениците за да организирате изложба. Учениците би можеле да бидат експерти во објаснувањето на своите макети и да покажат како тие ги исполнуваат нивните очекувања за урбаниот простор. Поканете ја училишната заедница и претставници од релевантните институции, доколку на макетите се прикажани трансформации на реалната состојба на околината.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Како едукатор, треба да размислите за горенаведените цели и колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување, но и вашите набљудувања на проектот, размислете колку добро учениците го разбираат концептот за споделување простор во градот.

**10. Инспирација:**

Андреа Кертис напиша детска сликовница за тоа како јавниот простор може да влијае на квалитетот на животот на луѓето, гледано преку призмата на детските очи:

Curtis, A., & FitzGerald, E. (2022). *City streets are for people*. Groundwood Books.

Невладината организација „Тинкери“ (Thinkery) во Остин, САД, објави статија за тоа како да се користи картонот за активности во училницата со цел поттикнување креативно размислување и решавање проблеми: Curiosity, Creativity & Cardboard - Thinkery (thinkeryaustin.org)

Тие, исто така, наведуваат стандардни техники за работа со картон: cardboard_inventory_v2.pdf (weebly.com)

## Активност 1.14 Улиците се за луѓе – за ученици од помала возраст

За некои одделенија може да претставува предизвик да се излезе надвор и да се процени состојбата на постоечката околина на училиштето, особено за учениците со физичка попреченост. Сепак, или подобро кажано заради тоа, нивниот придонес е исклучително корисен во создавањето инклузивен урбан простор. Постојат различни опции за да се направат таквите приспособувања. За повозрасните ученици (за околу 9-годишни ученици) мапирањето на училишната околина е одлична активност. Подгответе мапа на околината на училиштето и побарајте од учениците да ги обележат областите што за нив претставуваат предизвик со прашања, како на пример:

- Каде можете добро да се движите / не толку добро?
- Каде се чувствувате безбедно / не толку безбедно?
- На кое место би сакале да поминувате време? Како го поминувате времето таму сега?
- Итн.

Co-funded by the European Union

# Активност 1.15 Улиците за луѓе – групи ученици со физичка попреченост

За да создадете вистинска инклузивна улица, активноста претворете ја во мисија на целото одделение. Како би изгледала вашата улица доколку повеќето луѓе имаат оштетен вид? Како може да се дизајнира улицата, така што поминувањето време на јавен простор е убаво искуство за секого? Ова може да се примени и со улица која служи за луѓе со ограничена подвижност (на пр., на кои им треба инвалидска количка) или луѓе кои треба често да одморат (како што се повозрасните). Направете парови од учениците со различни (не) способности за да бидат свесни за сите различни предизвици и да можат да ги споделат.

# Активност 1.16 Улиците се за луѓе – тинејџерско издание

За повозрасните ученици (ученици од 12 до 14 години) воведот може да се направи како домашна задача. Ако вашите ученици имаат паметни телефони, тие би можеле да го документираат она што им се допаѓа во јавниот простор и улиците преку фотографирање. Може да побарате од нив претходно да ви ги испратат сликите и да подготват слајдшоу за вовед во активноста. Учениците потоа ќе видат како нивните врсници се чувствуваат за јавниот простор и можат од тоа да добијат инспирација.
Интересно е тоа што тинејџерите во урбанистичкото планирање често се запоставени и немаат квалитетен простор за поминување време. Тие дури се обвинети дека се задржуваат на игралишта или на комерцијалните површини, честопати дури и се обвинуваат дека ги направиле небезбедни или ги вандализирале. Време е да ги прашате тинејџерите за нивните потреби во јавниот простор!

# Активност 1.17 Големиот автобус

**1. Вид активност:** Активност за изработка од повторно употребувани/рециклирани материјали, правење макети

**2. Тема: Споделување на градот** – Споделување простор во градот.

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:
- Размислуваат за својот начин на одење до училиште;
- Проценат што им се допаѓа во сегашниот јавен превоз и кои се нивните потреби;
- Ја изразат својата визија преку правење макета.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:** картони, пакување храна, кутии за чевли итн., проѕирни пластични делови од пакувањето кои ќе симулираат стаклени елементи (на пр., пакување од електроника), хартиена лента, силиконски пиштол, маркери, ножици, боја, четки за боја, парчиња шарена хартија (како остатоци од хартија за завиткување).

**6. Времетраење**: Околу 120 мин.

**7. Главна активност:**

*Како учениците одат на училиште?*

Co-funded by
the European Union

*Поединечното носење на училиште со автомобил има многу штетно влијание врз животната средина, а доколку пешачењето или одењето на училиште со велосипед не е опција, јавниот превоз е најповолната климатски одржлива солуција. Со оваа активност, учениците го оценуваат и редизајнираат јавниот превоз. Главното прашање е: Како јавниот превоз да стане подобар и полесен за самостојно користење на младите со сите можности?*

## ВОВЕД

Во воведниот дел од активноста воспитувачот треба да иницира дискусија за добрите и лошите страни на јавниот превоз. Преку истакнувањето на добрите страни, важно да се нагласат еколошките придобивки од користењето на јавниот превоз, наспроти индивидуалниот моторизиран транспорт и, исто така, да се истакне придонесот на јавниот превоз во правична распределба на јавниот простор. За да ја започнете дискусијата, можете да ги прикажете фотографиите подолу, направени со дрон, на кои се прикажани три модели на транспорт што го користат 60 луѓе (сите 60 луѓе би се вклопиле во еден автобус со средна големина).



*Фотокампања за еднаквост на просторот на еден кружен тек во Лајпциг со 60 луѓе во 46 автомобили, 60 пешаци и 69 велосипедисти. Преземено од: Frank Lochau*

Во следниот чекор учениците треба конкретно да наведат што им се допаѓа во јавниот превоз, а што не им се допаѓа. Можете, исто така, да побарате од учениците да ја направат оваа активност како домашна задача, да направат кратко интервју со своите врсници на тоа тема, можеби дури и додека патуваат со автобус.
Резултатите од дискусијата или интервјуата соберете ги на табла/слајд/постер. Исто така, обрнете го вниманието на учениците кон поширокота инфраструктура. Што не им се допаѓа кај автобуските постојки?

## СЛЕДЕН ЧЕКОР

Почнувајќи од претходната бура на идеи, од учениците се бара да изградат автобуска инфраструктура која ги исполнува сите нивни потреби и очекувања. Учениците сакаат да задремат во автобусот и им требаат вградени будилници за да не ја пропуштат својата постојка. Нека го направат тоа!
Нагласете дека не целиме кон реални, туку иновативни решенија. Што и да изгледа нереално денес, може да биде сосема возможно во иднина, затоа не ограничувајте им ја фантазијата

на учениците, туку поттикнете ги да размислуваат слободно.
Поделете ги учениците во групи од 3-4 ученици за да изградат свои проекти, автобус, трамвај, метро итн.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Обезбедете доволно време на крајот на часот за самооценување. Главното прашање овде може да биде дали учениците сметаат дека изградените модели би ги поттикнале сите да користат повеќе јавен превоз.

Едукаторот, исто така, треба да се осврне на размислувањата на почетокот на активноста за да види дали изградените макети ги земаат предвид потребите на самите ученици. Во овој момент едукаторот може да истакне и дека очекувањата на различни луѓе, исто така, може многу да се разликуваат; затоа, добриот дизајн е секогаш повеќенаменски дизајн.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Како едукатор, треба да размислите за горенаведените цели и колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување, но и вашите набљудувања на проектот, размислете колку добро учениците го разбираат концептот за споделување простор во градот.

**10. Инспирација:**

На оваа веб-страница се претставени 10 најдобрите автобуски постојки ширум светот. Автобуските постојки се карактеризираат со забавен дизајн, одлична функционалност или иновативни форми. Ако вашите ученици имаат проблем да размислуваат надвор од конвенционалните рамки, можете да ги искористите овие идеи за инспирација:
https://traveltomorrow.com/bus-stops-around-the-world-with-the-coolest-design/

Во блог-објавата „Иднината на мобилноста: Трансформирање на превозот“ авторот дава увид во блиската иднина на јавниот превоз и демонстрира како врвната технологија ќе ја трансформира идната мобилност:
https://www.thedigitalspeaker.com/future-mobility-transforming-transportation/

Co-funded by
the European Union

# Активност 1.18 Големиот инклузивен автобус



За учениците со попреченост, користењето јавен превоз е уште поголем предизвик. При проценатата на сегашниот јавен превоз, ќе биде многу значајно да се добие перспективата на луѓето што се со поголем предизвик од повеќето други луѓе. И во овој сегмент учениците можат да бидат дополнително инвентивни. Како подобро би ги подржале лицата со оштетен слух или вид? Како автобусите или трамваите можат да бидат подостапни за лицата со ограничена подвижност (на пр., во инвалидски колички)? Важно е да се нагласи дека секое зголемување на пристапноста ќе биде од корист за многу луѓе. Автобусите со пристап за колички, исто така, ќе им бидат од корист на постарите лица или на родителите со колички итн.

# Активност 1.19 Технологијата на големиот автобус

За да ја направите активноста на големиот автобус како поголем предизвик, можете исто така да побарате од учениците да размислуваат како да се напојуваат возилата без користење фосилни горива. И, повторно, нема потреба да останеме во рамките на она што денес изгледа возможно.

# Активност 1.20 Постојката на големиот автобус

Друга варијанта на активностите на „Големиот автобус“ е да се размислува за автобуската постојка. Што може да ја подобри автобуската постојка? На вашите ученици им е досадно да чекаат автобус? Размислете за приказ што дава податоци во живо за пристигнувањето на автобусот или можности за игра на автобуската постојка. Бидете инвентивни!

# Активност 1.21 Пешачки училиштен автобус

**1. Вид активност:** Проект во училница што ги вклучува семејствата на учениците

**2. Тема:** Одржлива и независна мобилност

**3. Образовни цели:**

Учениците се способни да:
- Го мапираат сопствениот начин на одење до училиште;
- Ја истражат околината на училиштето;
- Развијат вештини за организирање и одржување пешачки училиштен автобус;
- Понатамошно ги развиваат тимската работа, соработката и комуникациските вештини.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 10 години

**5. Потребни материјали:** во зависност од текот на активноста

**6. Времетраење:** 2-3 часа + родителска средба

**7. Активирање:**

*Како учениците одат на училиште? Учениците, особено оние од помала возраст, не е вообичаено сами да одлучуваат како да одат на училиште. Начинот на транспорт е избран од родителите и е предмет на различни размислувања, кои се делумно прагматични, а*

*делумно вообичаени. Но, бидејќи тие одлуки имаат последици врз животот на децата, сакаме да ги охрабриме самите да размислуваат за тие начини и да ги определат според нивните потреби.*
*Истражувањата покажаа (види инспирација) дека децата што одат пеш на училиште, или одат со своите велосипеди, имаат многу побогати искуства од децата што ги носат родителите на училиште со автомобил. Ова стана очигледно кога децата, како дел од студијата, беа замолени да го нацртаат својот пат до училиште: децата што пешачеле или возеле велосипед до училиште се сеќавале на многу различни детали, вклучувајќи го растителниот и животинскиот свет што го гледаат по патот, додека децата што ги носеле со автомобил најмногу ја паметат автомобилската инфраструктура, како семафорите и улиците. Освен што искуството е побогато, одењето на училиште без автомобил има и многу други придобивки, како на пример:*

- *Децата воспоставуваат врска со урбаната средина.*
- *Тие учат за ориентација и нивните компетенции за безбедно да комуницираат со сообраќајот.*
- *Редовното движење на отворено ги подобрува здравјето и кондицијата, како и капацитетот за концентрација.*

*Пешачкиот училиштен автобус е концепт што го поттикнува одењето пеш на училиште бидејќи обезбедува инфраструктура за семејствата за заемна поддршка во остварувањето на тоа.*

За оваа активност од клучно значење е да се убедат родителите на учениците за придобивките од охрабрување на децата да одат пеш на училиште. Пешачкиот училиштен автобус е совршена активност за тоа да се оствари. Тоа не мора да претставува секојдневна активност, може да се спроведува еднаш неделно или еднаш месечно, со цел постепено воспоставување на навиката за пешачење.

За **почеток** на активноста објаснете им го концептот на учениците, но и на родителите. Дискутирајте со учениците и родителите кои се придобивките од пешачењето, но и за она што ги спречува родителите да одат со своите деца до училиште или дури и да ги остават сами да одат во групи.
Објаснете дека пешачкиот училиштен автобус е совршен начин да ги добиете придобивките од пешачењето, а во исто време да обезбедите временски ефикасен и безбеден начин да стигнете до училиште. За воспоставување пешачки училиштен автобус, треба да се земат предвид неколку работи:

- Рутина: Првото прашање би било колку често или колку редовно ова ќе се спроведува и, секако, за тоа треба да се разговара со родителите, идеално за организирање средба едукатори-родители.

- Маршрута: Ова може да се развие во активност во училницата. Испечатете огромна мапа на соседството и кажете му на секој ученик да го обележи својот дом и својот вообичаен пат до училиште. Секој ученик треба да користи друга боја. Потоа исцртајте маршрути со учениците кои би биле функционални. Исто така, разговарајте дали има некакви безбедносни предизвици на патот што треба да се земат предвид. Определете ги и собирните местата.

- Правила: Размислете со учениците за тоа кои правила се важни и како да ги примените.

- Општа организација: Ова е нешто што може да го направат учениците сами, но ќе биде потребно да се поразговара и со родителите. Прашањата се, на пример: кои и колку родители можат да бидат придружници? Како родителите ќе известат дали нивните деца треба да бидат придружувани на одреден ден или не? Кои безбедносните прашања се важни за родителите?

- Опрема: каква опрема е потребна? Добар начин да го направите тоа е да побарате од децата да нацртаат училиштен автобус што оди пеш. Вклучете прашања, како на пример: Како можете да бидете сигурни дека сите ќе останат заедно? Како можеме да

ја подобриме видливоста во сообраќајот? Можете дури и да побарате од учениците да смислат име и да го направат името видливо на пешачкиот училиштен автобус. Потоа, можете да ги имплементирате идеите за движење на училницата, на пр., изработка на рефлективни појаси за секој или изработка на јаже од рециклиран материјал на кое сите ќе се држат (на пр.: EASY DIY Jump Ropes using Recycled T-Shirts | Quarantine Craft | OCC Shoebox Craft - YouTube)

Ако подготовката е финализирана, обележете го почетокот на вашиот проект – пешачки училиштен автобус на свечен начин!

**9. Завршни активности – донесување заклучок:**

За овој вид н активност, која на крај се изведува надвор од училницата во групи, особено е важно да се собираат и потоа разгледуваат повратните информации. Подгответе прашалник за да ги прашате родителите за предизвиците и успешноста на проектот, но исто така прашајте ги и учениците. Со повратните информации можете да го измените концептот со цел на најдобар начин да одговара на побарувачката на училишната заедница.

**10. Рефлексија, преглед на целите:**

Како едукатор, треба да размислите за горенаведените цели и колку добро вашите ученици ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување, но и на вашите набљудувања на проектот, размислете колку добро учениците го разбираат концептот на одржлива мобилност во градот.

**11. Инспирација:**

Rissotto, A. и Tonucci, F. (2002). Слобода на движење и знаење за животната средина кај децата од основно училиште. Публикација за психологија на животната средина, март 2002 година (22/1-2).

Како да направите пешачки училиштен автобус: Основи:
http://www.walkingschoolbus.org/WalkingSchoolBus_pdf.pdf

Германски ресурс:
Microsoft Word - Walkingbus_Handlungsleitfaden 12 05.DOC (landesverkehrswacht-nrw.de)

# Активност 1.22 Инклузивен пешачки училиштен автобус

Со цел да се направи инклузивен пешачки училиштен автобус, кој навистина ќе ги „понесе сите заедно“, важно е да се идентификуваат посебните потреби на сите во фазата на планирање. На пример, проблематичните точки на патеката до училиштето за ученици во инвалидски колички (високи рабови, скали) или за ученици со оштетен вид (семафори без звучен сигнал) може да се означат директно на мапата. Заедно, учениците (и родителите) можат да одлучат кои од овие „пречки“ може лесно да се надминат (како што се семафорите, каде што учениците можат да се придржуваат едни со други) и како може да се избегнат другите пречки (како што се скалите).